Врз основа на член 49 став 2 и 4 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр. 52/10, 135/11) , член 54 од Статутот на Општина Битола и Измени и дополнување на програмата за активности во областа на спортот и младите бр.09-60/14 од 09.07.2024 Општина Битола, објавува

Јавен повик

за искажување на интерес и прибирање на барања за организирање на „Турнир во Баскет 3 Х 3 " – 2024 година

1. Распределба на средствата наменети за организација на Турнирот во Баскет 3 Х 3 - 2024 година, се планирани во Буџетот на Општина Битола за 2024 година, во Програма за активности во областа на спортот и младите во општина Битола за 2024 година фондации.

2. За организација на Турнирот во Баскет 3 Х 3 -2024 година, од точка 1 вкупно се предвидени 1.000.000 денари.

3.„Турнирот во Баскет 3 Х 3"
- 2024 година, ќе се одржи во период од 31 август - 1 септември 2024 година, на платото пред офицерскиот дом во Битола

4. Здруженијата на граѓани кои пројавуваат интерес за доделување на средства за организирање на
Турнирот во Баскет 3 Х 3 – 2024 година,треба да ги исполнат следните критериуми:
- Да се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации;
- Да имаат организирано ваков тип на настани
- Турнирот да биде пријавен во Планет систем за да биде препознатив од страна на FIBA
- Организаторот треба да обезведи Sport Court терен специфична подлога која е наменета исклучиво за баскет 3х3
- Организаторот треба да обезбеди кош конструкции специјализирани за 3х3 .
- Организаторот треба да обезбеди електронски семафор специјализиран за потребите на 3х3.
- Организаторот треба да обезбеди пехар и медали изработени специјализирано за 3х3 настанот
- Организаторот треба да обезбеди судии, записничари, делегати, сликар

5.Доколку ги исполнуваат критериумите од точка 4, Здруженијата на граѓани и фондации до Одделението за јавни дејности, преку архивата на Општина Битола, треба да ги достават следните документи:
- Барање за доделување на средства за организација на „Турнир во Баскет 3 Х 3" – 2024 година
- Фотокопија од решението за регистрација на здружението на граѓани и фондации
- Предлог програма која ќе вклучува деловни активности со предвидените финансиски средства.

6. Здужението на граѓани се обврзува по завршување на „Турнирот во Баскет 3 Х 3" – 2024 година, за доделените средства да изготви извештај и да го достави до Општина Битола, Одделение за јавни дејности до 31.12.2024 год.

7.Јавниот повик за избор ќе трае од 22.07.2024 до 26.07.2024 година, по кој период Комисијата за избор ќе го извести избраното Здружение.

Бр.08-705
22.07.2024

Градоначалник на Општина Битола
Тони Коњановски